Акционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-1192/19
05-08-2013 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 169 став 1 алинеа 2 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10,185/11 и 53/11), пречистен текст (службен весник бр.24/12) член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Одлуката од Одборот на Директори на Друштвото одржан на 24-ти редовен состанок на Друштвото бр.02-1964/7 од 30.07.2013 година, Заклучок донесен од Одборот на Директори, бр.02-1964/7-1 од 30.07.2013 година,Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А

за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка бр.**06/2013 за Набавка на персонални компјутери , ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас со е-аукција за **Набавка на персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема** согласно член 169 став 1 алинеја 2 од ЗЈН (не е поднесена ниту една прифатлива или соодветна понуда)

Се задолжува Комисија за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката писмено да ги извести сите учесници во постапката за Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно член 170 став 1 од од Законот за јавни набавки и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување

## Образложение:

Врз основа на Барање за јавна набавка бр.05-1192/1 од 13.05.2013 година донесена е одлука за јавна набавка на **Набавка на персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема** сопственост – Скопје заверена под бр.05-1192/2 од 22.05.2013 година, и е објавен оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**06/2013** на ЕСЈН во Бирото за јавни набавки.

Согласно Годишниот План за јавни набавки за 2013 година донесен на 20-тиот редовен состанок на Одборот на Директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, **бр.02-550/2-4 од 20.02.2013 година, во глава I реден број 5 за реализација на Набавка на персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема,** биле предвидени **600.000,00** денари.

Во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка односно по спроведувањето на електронската аукција од страна на Комисијата за јавни набавки, од Извештајот за текот на е-аукција бр.05-1192/18 од 10.07.2013 за **Набавка на персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема** видно е дека понудувачот со економски најповолна понуда има понудено цена во износ од **654.550,00 денари**.

Цената постигната на електронската аукција била повисока од средствата кои

биле предвидени согласно Годишниот План за јавни набавки за 2013 година.

На 24-ти редовен состанок на Друштвото на Одборот на Директори на Друштвото одржан на ден 30.07.2013 не беше прифатена измената во Планот за јавни набавки за 2013 во Глава 1 Точка 5 за **Набавка на персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема**, во колона 5, во однос на проценетата вредност со која што измена, проценетата вредност од **600.000,00** денари се заменува со **654.550,00 денари, а тоа согласно цената добиена од понудувачот со економски најповолна понуда, на одржаната е-аукција на ден 10.07.2013 година, односно согласно** Извештајот за текот на е-аукција бр.05-1192/18 од 10.07.2013 за **Набавка на персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема , при што од страна на Одборот на Директори на Друштвото беше донесен заклучок и одлука за поништување на постапката.**

Согласно погоренаведеното, како и врз основа на Заклучокот од Одборот на Директори на Друштвото одржан на 24-ти редовен состанок на Друштвото бр.**02-1964/7-1 од 30.07.2013** година, Одлуката од Одборот на Директори на Друштвото одржан на 24-ти редовен состанок на Друштвото бр.02-1964/7 од 30.07.2013 година, договорниот орган одлучи да биде поништена постапката за доделување на Договор за јавна набавка на **персонални компјутери ,ласерски печатари ,скенери принтери и друга опрема.**

Врз основа на сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 169 став 1 алинеја 2 од ЗЈН.

**Правна заштита**

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до:**

- Сектор за деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансии
- Комисија за јавни набавки – зам претседател Димитар Трпезановски
- Архива

изготвил: Анета Тодоровска
одобриле: Љубица Лозаноска
Светлана Сотировска